**Предлагачи : Група пратеници**

**П Р Е Д Л О Г НА ЗАКОН**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРАНЦИ,**

**ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

**Скопје, декември 2023 година**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT-SHKUP

| Примено: E pranuar: | 18. 12. 2023 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица Njësia Org | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 6549/1 | | |

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132,137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за дополнување на Законот за странци, по скратена постапка.

**ПРАТЕНИЦИ:**

1. Соња Мираковска
2. Снежана Калеска Ванчева
3. Санела Шкријељ
4. Жаклина Лазарова
5. Латифе Шикоска



2

## В О В Е Д

### I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за странци(*) („Службен весник на Република Македонија" број 97/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19 и 294/21), се уредуваат условите за влез, излез, напуштање, престој, враќање на странците со незаконски престој, како и правата и должностите на странците во Република Северна Македонија.

Имено, во текот на целиот период во деведесетите години, а особено во моментите на интервенцијата на НАТО, околу 863.000 луѓе беа принудени да побараат прибежиште надвор од Косово, а дополнително околу 590.000 беа внатрешно раселени, заедно, овие бројки имплицираа дека над 90% од населението од Косово било раселено од своите домови. Во најголемиот број од случаите, косовските Албанци кои беа принудени да ги напуштат своите домови, со автобуски беа пренесувани до јужната граница со Република Македонија, а во многу други случаи бегалците, самоиницијативно со автомобили, трактори и други моторни возила ја следеле автобуската рута до самата граница со Македонија. Исто така, значително е и да се спомене дека многумина од бегалците, поради недоволен капацитет на возовите, беа принудени пешки да одат по железничката пруга за да стигнат до јужната граница.

Кризата со бегалците траеше се до јуни 1999 година, односно се додека не престана воената интервенција на НАТО во соседна Србија. Наспроти сите стравови и сомнежи кои постоеа тој период дека ќе се случи т.н. албанизација на Македонија, дека ќе се промени демографската структура и слично, сепак најголем број од бегалците се вратија назад во своите домови. На крајот на 1999 година, останаа само 8.103 бегалци, главно Роми од Косово. Нивниот број продолжи да се намалува, по основ на доброволна репатриација или доброволно индивидуално заминување во трети земји. Така, на крајот на 2000 година по основа на привремена заштита во Република Македонија, престојуваа 5.416 бегалци, на крајот на 2001 – 3.410, а на крајот на 2002 – 2.750 лица, така што во ноември 2008 година, бројот на овие групи изнесуваше 1.300 лица. На 22 септември 2003 година, Владата на Република Македонија донесе Заклучок, со кој ја укина привремената хуманитарна заштита на бегалците од Косово. При тоа, на сите оние, за кои сметаа дека се уште не се создадени услови за безбедно враќање и престој на Косово, им беше овозможено да поднесат индивидуални барања за признавање право на азил во Република Македонија, согласно со новиот Закон за азил и привремена заштита, кој стапи во сила, во август 2003 година. Ова право им беше доделено на 2.311 лица.

Денес Република Северна Македонија се преостанати уште 243 лица бегалци од косовската криза од 1999 година кои биле прифатени во земјава и оттогаш непречено престојуваат во неа. Дел од нив сè уште уживаат меѓународна заштита, но дел од нив ја изгубија заштитата. За сите овие лица потребно е изнаоѓање на долготрајно решение со цел конечно регулирање на

нивниот статус. Во 2019 година на Глобалниот форум за бегалци пред Обединетите нации, Република Северна Македонија даде заложба дека ќе ја реши повеќегодишната состојба на преостанатите бегалци од Косово преку давање долготраен правен статус во државата за сите што се квалификуваат. Во насока на ова е и извештајот на Европската комисија од октомври 2021 година во кој е наведено дека бегалците од Косовската криза од 1999 година претставуваат ранлив сегмент во општеството и имаат потреба од долготрајно и одржливо решение. Исто така е наведено дека практиките на прекинување на заштитата во Република Северна Македонија ги намалуваат можностите да се најде долготрајно решение за преостанатите бегалци од Косово и затворање на ова повеќегодишно прашање.

Тргајќи од потребата за изнаоѓање на конечно решение за регулирање на статусот на преостанатите бегалци од Косовската криза од 1999 година, со предложеното дополнување на Законот за странци се создава законски основ за регулирање на ова прашање, со прецизирање на јасни и законски услови за добивање на постојан престој за оваа категорија на лица.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за дополнување на Законот за странци се заснова врз истите начела врз кои е заснован основниот предметен закон.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

Врз основа на членот 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагаме Собранието на Република Северна Македонија, по Предлог на закон за дополнување на Законот за странци да расправа по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТРАНЦИ

Член 1

Во Законот за странци(*) („Службен весник на Република Македонија" број 97/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/19 и 294/21), по членот 223 се додава нов член 223-а кој гласи:

„Член 223-а

(1) Лицата под меѓународна заштита во Република Северна Македонија или лица на кои им престанала заштита во земјава, кои како преостанати лица бегалци од Косовската криза од 1999 година сѐ уште се присутни на територијата на Републиката и нивните деца, со денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се стекнат со право на постојан престој во Република Северна Македонија, ако во рок од една година од денот на влегување во сила на овој закон поднесат барање за одобрување постојан престој.

(2) На лицата на кои им престанала заштитата од ставот (1) на овој член им се одобрува постојан престој, доколку пред поднесувањето на барањето за одобрување постојан престој непрекинато престојувале на територијата на Република Северна Македонија.

(3) Условот за непрекинат престој во Република Северна Македонија од ставот (2) на овој член се смета дека е исполнет, ако лицето во периодот од престанокот на меѓународна заштита до денот на поднесување на барањето за постојан престој, не престојувал надвор од Република Северна Македонија три последователни месеци или во временски период што во вкупно траење не надминува шест месеци и повторно се вратил во земјава.

(4) Лицата од ставот (1) на овој член потребно е да достават доказ издаден од Министерството за внатрешни работи дека сé уште се под заштита во Република Северна Македонија или дека заштита им престанала во земјава, но ги исполнуваат условите предвидени во ставовите (2) и (3) од овој член.

(5) За лицата од ставот (1) на овој член не важат одредбите од членот 130 од овој закон, освен одредбата од ставот 1 алинеја 6.".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Во Предлогот - законот за дополнување на Закон за странци регулирани се 2 члена

Со член 1 се врши дополнување на членот 223 со нов член 223-а како преодни одредби, во кој се уредени посебни услови за одобрување постојан престој за лицата под меѓународна заштита во Република Северна Македонија или лица на кои им престанала заштита во земјава, кои како преостанати лица бегалци од Косовската криза од 1999 година сè уште се присутни на територијата на Републиката и нивните деца.

Во член 2 е предвидено денот на влегувањето на законот во сила.

Од тие причини, со предложените дополнувања се пристапува кон целосно уредување на наведените состојби и односи на предложениот начин.

## II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНАТА ОДРЕДБА

Решенијата содржани во предложената одредба имаат за цел прецизирање и соодветно практично имплементирање на постојните законски одредби содржани во предложениот закон.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното законско решение ќе се постигне дополнително прецизирање на одредбите од Законот за странци, односно создавање на нормативни предуслови за целосно практично реализирање на постојните законски одредби.